РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr 03-1863/1
25-09-2023 20 ___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Бр.-Nr. 03-1621/1
25.09.2023 год.
Скопје-Shkup

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

Склучен на 25.09 2023 година во Скопје

Помеѓу:

1. Судски совет на Република Северна Македонија
   претставуван од: Сашко Георгиев, претседател

2. Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија
   претставуван од : Антонио Јолевски, претседател

**Цел на Меморандумот:**
*Воспоставување на соработка помеѓу Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, со цел за меѓусебна тесна координација, планирање и реализирање на заеднички активности.*

Меморандумот за соработка ја одразува волјата и подготвеноста на двете страни потписнички да соработуваат на полето на владеење на правото и правната држава, како и пристапот до правдата.

Соработката на странките, особено се однесува на:
- проекции за соодносот на кандидати за идни судии и јавни обвинители при уписот на нови слушатели во Академијата за обука на судии и јавни обвинители;
- заеднички настап пред државни институции за обезбедување на подобри материјално-финансиски услови за работење, како и поголема самостојност во буџетирањето;
- ангажирање околу обезбедување на трајни и соодветни сместувачки капацитети;
-унапредување на статусот на стручната служба;

-посредување во спорови меѓу судови и обвинителства;
-заедничко учество во стручни и научни проекти, анализи, заемно учество во советувања, работилници и други професионални состаноци организирани од договорните страни;
-организирање и учество на конференции, симпозиуми, семинари,обуки, тркалезни маси и други вид настани од заеднички интерес;
-размена на правна литература и извештаи;
- соработка на полето на поголема транспарентност и отчетност на двата совета;

-Потписничките се обврзуваат да одржуваат заеднички средби најмалку четири пати во годината, а по потреба и почесто.
-Одржување на заедничка седница на двата совета еднаш годишно

-Важноста и времетраењето на овој Меморандум е неограничено со можност за раскинување во секое време од секоја од договорените страни со претходна најава;
-Меморандумот може да биде дополнет или изменет со анекс по претходно барање на која било од страните потписнички со испраќање на писмено известување од другата страна потписничка;
-Меморандумот е склучен во два (2 )примерока.

Страни потписнички:

**Судски совет на Република Северна Македонија**
Претседател
Сашко Георгиев
**Совет за јавни обвинители на Република Северна Македонија**
Претседател
Антонио Јолевски